626

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
23. I. 1966, 6921, 4

# ТРИ БОИ НА ВРЕМЕТО

## Изложба во Работничкиот дом-универзитет во Скопје

**ВО РАБОТНИЧКИОТ** дом, универзитет во Скопје отворена е изложба на еден дел од збирката ликовни дела, што ѝ ги подариле на оваа културна установа мнозина југословенски уметници, кои досега излагале, самостојно или групно, во нејзините изложбени простории.

Изложбата ја организирал и аранжирал Теофил Шулајковски, кој истовремено е и организатор на Галеријата при Работничкиот универзитет, чија главна цел е да ја популаризира ликовната уметност меѓу работните луѓе. Така, таа изнаоѓа разновидни форми за постојан контакт со љубителите на уметноста и воопшто, со сите членови на работните организации, работните универзитети и домовите на културата во внатрешноста на Републиката.

Од околу 200 дела, со кои располага Галеријата, на оваа изложба се застапени само 23 слики и графики, а во наредната ликовна сезона се имаат предвид уште неколку изложби од истата збирка. Оваа иницијатива е од посебно значење, особено во овој зимски период, кога ликовниот живот во нашиот град наполно е згаснат.

Шулајковски на сегашнава изложба ѝ дал хетероген сликарски карактер, раководејќи се од своето сфаќање, дека уметноста во Југославија е во фаза на постојани ликовни настојувања. Разноликоста на уметничката активност кај нас тука, првенствено е согледана низ три хетерогени генерации, од кои секоја за себе претставува своевидна целина, како одраз на времето во кое творела.

Се разбира, бидејќи организаторот ваквата концепција ја спроведувал само од еден ограничен фонд на творби, немал можност, а секако немал ни претензија, да оствари некаква неприкосновена и системна претстава за посебните и за заедничките специфики на трите генерации. Значи, карактерот на изложбата е сосем стихиен и без други намери, освен оние што ги напоменавме.

Еве неколку поинтересни автори и творби, што се прикажани овојпат во изложбениот салон на Работничкиот универзитет:

**Љубо Лах** е застапен со платното „Скица", каде третира во традиционален стил (што му е својствен на овој познат југословенски сликар), композиција на три актови. Палетата на Лах е топла и одмерена, но и доста еднолична; цртежот му е задржан во границите на неговата сликарска концепција. Оваа слика всушност е далечно ехо на некоја Рубенсовска сензибилност.

Акварелот „Мавровско Езеро" од **Димитар Пандилов**, е импресивен и флуиден, а „Војводинскиот предел" од **Богумил Карлаварис**, на одреден начин ја оразува широката тишина на низинското поднебје; иако сликарството на Карлаварис во својата основа е асоцијативно, тоа по својата атмосфера, им се приближува на сфаќањата на метафизичкото сликарство.

Еден од најдобрите експонати на изложбата е платното на **Пеѓа Милосавлевиќ** („Дубровник"). Во оваа слика сѐ е на завидна висина: и инспирацијата, и ликовната мисловност, и технолошкиот процес. Трите елементи од кои е одредена содржината на оваа композиција, и воопшто на најновото творештво на Милосавлевиќ се: воздухот (светлината), водата и земјата. Овој сликар со толем вкус и со непогрешно чувство го остварува своето чудесно вдахновение.

„Пејсажот" на **Лазар Личеноски** е од неговата позната фаза на „афионите". Иако е сликан во мали димензии, во овој пејсаж колоритот не губи ништо од своето дејство. Целата оваа фаза на Личеноски е исполнета со најрафинирана сликарска поетичност.

„Ибрикот" на **Андреевиќ Кун** решава проблем на издиференцирани сликарски односи, кои водат потекло од теориите на кубизмот додека **Бранко Протиќ** во својата композиција ги презентира најновите ликовни преокупации на европското сликарство. Неговиот темперамент е опкружен со мошне култивирана лирска едностојност. Од технички аспект неговите композиции (па и оваа) стојат на највисоко југословенско ниво.

Освен спомнатите дела, тука ќе сретнеме и солидни остварувања од **Петар Мазев**, **Спасе Куноски**, **Бранко Шотра**, **Мило Милуновиќ**, **Рико Дебеньак**, **Ристо Колчевски**, **Младен Србиновиќ** и др.

Паскал ГИЛЕВСКИ